ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД ц.о
Ndermarrja publike VODOVOD c.o.
Бр.Nr. 01 – 3230/1
14.12.2023 год.viti
K U M A N O V O - K U M A N O V E

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД КУМАНОВО ц.о. - КУМАНОВО

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

на претпријатието за 2024 година

Декември 2023 година

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
на Јавното претпријатие Водовод Куманово ц.о. Куманово

Предлагач: **Законски застапник на претпријатието**

Преставник: **Оливер Стојмановски**

Основање

Јавното претпријатие „Водовод" Куманово е основано за вршење на дејности од јавен интерес „доведување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води". Во извршувањето на наведената дејност континуирано се залага за секојдневна сервисна ориентираност кон граѓаните, обезбедување на висок квалитет на извршените услуги и доследно почитување на принципите:

- сигурност во давањето на услугите,
- континуитет и квалитет на услугите,
- транспарентост,
- достапност и универзална услуга и
- заштита на корисниците и потрошувачите,

кои воедно претставуваат и основа при изработка на Програмата за работа на претпријатието за 2024 година.

Програмата за работа за 2024 година, односно планираните активности во неа тргнуваат од целите и интересите утврдени на ниво на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето засновани на расположивите капацитети и достигнатиот степен на развој.

Појдовни елементи на кои се заснова изготвувањето на Програмата се:

- дефинирање на планираниот физички обем на услугите;
- дефинирање на приходите од работењето;
- дефинирање на трошоците кои ќе се направат при работењето;
- целосно искористување на постојните капацитети;
- зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
- подобрување на наплатата со примена на сите расположиви законски мерки и
- дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите.

Дејност

Јавното претпријатие "Водовод" Куманово во својот делокруг на работење ги врши следните дејности:

- 36.00 - Собирање, обработка и снабдување со вода
- 37.00 - Отстранување на отпадни води
- 42.21 - Изградба на комунални објекти за течности
- 43.22 - Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
- 71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување и

  како дополнување на дејност во внатрешниот промет 35.11 Производство на електрична енергија (сместено во дополнителни информации)

Приоритетна дејност на претпријатието е 36.00 собирање, обработка и снабдување со вода.

Јавното претпријатие "Водовод" – Куманово ги има добиено следниве лиценци издадени од Министерство за транспорт и врски:

- Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија Бр. П. 339/ Б од 01.08.2016 година
- Лиценца Б за изведувач на градби од втора категорија Бр. И. 589/ Б од 27.05.2016 година

Организација

Јавното претпријатие „Водовод" во својот состав ги има следните организациони облици:

1. Сектор за технички работи
2. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
3. Сектор за финансии, сметководство и комерција
4. Сектор за јавни набавки

и Одделение за оперативен контролен центар кое е под директна контрола на директорот.

Во продолжение се дадени Програмите за работа за 2024 година на секој сектор, а во рамките на секторите и на нивните организациони облици - одделенија како посебни внатрешни организациони делови.

СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ

Во работата на Одделението за водоснабдителни објекти за 2024 година се планира првенствено да се продолжи со континуирано водоснабдување на градот со квалитетна вода за пиење, како и континуирано следење на квалитетот на водата, одржување на целокупниот систем и опрема во исправна состојба.

Во текот на 2024 година се планира преку доводните цевоводи од акумулацијата Липково да се превземат минимум 9.000.000 м^3 количини кои се соодветни на проценети количини по месеци, а во услови на зголемена потрошувачка, посебно во летните месеци, јуни, јули и август, додатни количини да бидат превземени од дренажниот систем Бедиње, како и водоснабдителниот систем Митев Мост, кои би требало всушност да ги покријат сите евентуални недостатоци на вода посебно во услови на максимална потрошувачка, но не повеќе од 150.000 м^3 месечно за секој систем посебно. Сета оваа превземена сирова вода се планира да биде преработена со постоечката опрема и технологија на пречистување на водата за пиење, која се состои од оксидација, таложење со помош на коагулација и флокулација со алуминиум сулфат и полиелектролит, како и филтрација низ песочни филтри од кварцен песок и дезинфекција на водата, со кој процес на пречистување се добива квалитетна вода за пиење, како и делот на филтрација низ јонизирачките филтри во водоснабдителниот систем Митев Мост, каде што истовремено се врши дезинфекција на водата после филтрирање, а пред дистрибуција во водоводната мрежа.

За преработка на овие количини на вода се планира да се потрошат максимално:

- 180.000 кгр Алуминиум сулфат
- 12.000 кгр гасен хлор

- 500 кгр полиелектролит
- 15.000 кгр натриумхипохлорит
- 25 кгр Калиумпермангант,

како основни хемикалии кои се користат во процесот на пречистување на водата.

Потрошувачката на хемикалии за преработка на сировата вода, пред се зависи и од квалитетот на сировата вода, па во години со лош квалитет на водата, потрошувачката може да биде и значително зголемена. Горе дадената потрошувачка се однесува за просечно ниво на потрошувачка, со просечен, и моментален квалитет на водата која доаѓа на преработка.

Покрај овие секојдневни и редовни активности, во делот на преработката на вода за пиење, се планира да се сработат и други работи на локацијата на Фабриката за преработка на вода како и на другите водоснабдителни објекти, а кои го опфаќаат одржувањето на овие објекти, одржувањето на објектите како градежен дел, како и одржувањето на инсталацијата, опремата која работи во објектите, како и одржувањето на партерното уредување на објектите.

Планирани активности во овој дел на одржување на објектите, пред се на Фабриката за вода, се:

- Континуирано одржување и санација на деловите од Фабриката за преработка на вода согласно со потребите да бидат задоволени стандардите според HACCP, а се под надзор на Инспекторатот од Агенцијата за храна и ветеринарство, работи кои континуирано се работат, но и се следат во текот на целата година, а според појавените потреби да бидат изведени работи на санација на делови од објектите кои подлежат на контрола од овој вид. Како една од тие мерки е ии бојадисување на внатрешните ѕидови на објектите, т.е. Фабриката за вода како и Лабораторијата со административните простории.
- Обновување на осветлување во внатрешноста како и во кругот на Фабриката за преработка на вода со LED панели и светилки, која работа може да се третира и како редовно одржување, затоа што голем дел од работата на замена е завршен, межутоа на веке нефункционалните им треба замена, а истовремено има уште многу места каде треба да се изврши надградба од еден во друг вид на осветлување.
- Продолжување на обновување и замена на дел од апаратите во лабораторијата, затоа што дел од апаратите го имаат надминато својот век на траење, а и поради тоа што се постари од 10 години не постои сервисна поддршка од самите производители, а воедно и постои слаба подршка во државата за нивно одржување и сервисирање.
- Доколку е возможно да се изврши ремонти на пулсатори, кои иако не се во константна употреба, потребно е да се одржуваат посебно во услови на лош квалитет на сировата вода, при ниски температури, при намалена матност на водата, покажувајки ја својата ефикасност при одржување на милта во растресена колоидна состојба со што се зголемува ефикасноста на таложењето односно процесот на бистрење на водата.
- Надградба и редовно одржување на SCADA системот,
- Реализација на проектот за замена на пнеуматските вентили со електровентили и нови пнеуматски вентили за која работа има изготвена и соодветна техничка документација - Проект изработен од ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ Тех.бр. КУ-IV-722/22 „Набавка транспорт, вградување и пуштање во употреба на водоводна линија и хидрорегулациона и електро опрема за реконструкција и одржување на процесот на производство и дистрибуција на вода за пиење на филтер станица за град Куманово", а воедно преку тоа ке биде извршена и надградба на SCADA.
- Реализација на проектот за замена на пнеуматските вентили со електровентили и нови пнеуматски вентили за која работа има изготвена и соодветна техничка документација како и замена на самите цевки и други фасонски елементи кои се во склоп на овој дел од работата, а воедно преку тоа ке биде извршена и надградба на SCADA.

- Изработка на нов проект и имплементација на автоматика за дозирање на алуминиум сулфат, кој ке биде во смисла и на интеграција на системот во постоечката SCADA, бидејки ваков систем покажа висока ефикасност и е исклучително корисен при нагли промени на квалитетот на сировата вода, во делот на матнотијата, при што е максимално можно исклучено учеството на човечкиот фактор во проценката на потребните количини за дозирање, како и краткото време на реакција.
- Редовно одржување и сервисирање на Системот за дозирање на полиелектролит.
- Опремата за хлорирање, која е потополно автоматизирана , да се продолжи со нејзиното следење усогласување со потребите на водоснабдувањето како и комплетното одржување.

Во рамките на некои градежни активности се разгледува и можноста да се испроведат и следните работи:

- Санација на внатрешната изолација на кула резервоар (поправка на фолијата на места кои пропуштаат).
- Санација на површини кои имаат продори на вода на надворешни ѕидови од разни места во Фабриката за преработка на вода (филтри, таложници, распределители и слично)
- Замена и санација на инсталација и опрема за дозирање на алуминиум сулфат.
- Поправка на хемиски отпорна изолација на кади за спремање на алуминиум сулфат.
- Набавка на апарат за следење на присуство и концентрација на арсен во водата (0.001 до 0.1 мг/л As) како еден од поважните ефлуенти во водата од Митев Мост.
- Замена и реконструкција на внатрешна и дотраена инсталација во резервоари на ул.Бајрам Шабани.
- Континуирано одржување и сервисирање на опремата во Пумпната станица во Бедиње, посебно пумпниот дел кој се заменети со нови и се уште се во гарантен рок, како и електро опремата,
- Надградба на опремата за далечинско управување и мониторинг на работа на пумпите во дренажниот систем Бедиње.
- Редовно одржување и сервисирање на дотраена опрема (контактори, електроинсталација, пумпи) во водоснабдителен систем Проевце Митев Мост кој претставува значаен дел од водоснабдувањето, посебно во високата зона во градот, чија употреба ке постои тенденција да биде што помалечка со оглед дека е голем конзумент на електрична енергија, а во услови на добар дотур на вода од акумулација Липково е сосема возможно.
- Комплетна санација на резервоари на локација Бајрам Шабани, вклучувајки ги и хидроизолацијата како и пловак затворачите кои не дозволуваат преливање и преполнување на резервоарите со оглед дека две од коморите се постари од 50 години и неопходни се интервенции на опремата како и на хидроизолацијата па дури и на конструктивните елементи
- Санација на резервоарите во нас.Карпош, пред се во делот на заштитата од преливање и слично (пловак затварачи - сервисирање или замена на истите).

Во делот на котролата на квалитетот на водата за пиење планираните активности во 2024 година се да се продолжи со истиот ритам на контролата на квалитетот на водата за пиење, и тоа во сите сегменти кои се опфатени со :

- контролата на процесот на пречистување на водата
- контролата на квалитетот на водата за пиење како финален продукт пред дистрибуцијата во градската мрежа,

- контролата на квалитет на водата од дистрибутивната мрежа на пунктови во градот, а во интерес на дистрибуција на здравствено исправна вода за пиење.

Сите овие контроли ке бидат спроведени од лабораторијата на Одделението за водоснабдителни објекти, како редовна и континуирана работа, согласно со HACCP планот за работа на ЈП Водовод, односно Одделението за водоснабдителни објекти и водење на соодветна документација за извршените работи.

Планирани анализи и контроли на квалитетот на водата за пиење во сопствената лабораторија:

- физичко хемиски анализи на финална вода и вода од градски пунктови, на 12 параметри, минимум 2.250
- бактериолошки анализи на финална вода и вода од пунктови, минимум 1.095
- физичко хемиски анализи на вода по потреба на други служби, минимум 100

Планирани анализи од страна на Институтот за Јавно Здравје во Скопје:

Проширени физичко хемиски анализи:

- на сирова вода - 4
- на финална вода од резервоар - 4
- на вода од градска мрежа - 4
- на вода од Дренажен систем Бедиње - 4
- на вода од водоснабдителен систем Митев Мост, пред третман - 4
- на вода од водоснабдителен систем Митев Мост, после третман - 4
- Радиолошка анализа на вода од акумулација Липково - 1
- анализа на трихалометани на финална вода - 1
- анализа на пестициди на финална вода – 1

Планирани анализи страна на Хидробиолошки институт - Охрид:

- анализа на фитопланктон на сирова вода од акумулација Липково - 4
- анализа на зоопланктон на сирова вода од акумулација Липково - 4
- анализа на фитопланктон на финална вода - 4
- анализа на зоопланктон на финална вода - 4

Во Центарот за Јавно здравје – Куманово:

- физичко хемиски анализи на финална вода и вода од пунктови, максимум 180
- бактериолошки анализи на финална вода и вода од пунктови, максимум 180

Покрај овие анализи, во лабораторијата на Фабриката за вода, континуирано ќе се продолжи со следење и на параметрите:

- количина на резидуален хлор на секој час
- матнотија на сировата вода на секој час
- концентрација на раствор на Al2(SO4)3 на секои 3 часа
- матнотија на вода после филтрирање еднаш дневно
- сатурација % на O2, сулфати, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, алкалитет, Ca, CaO, Mg и MgO еднаш неделно

- ТОС контрола на суспендирани материи, нитрати, хемиска потрошувачка на О2 и биолошка потрошувачка на О2, еднаш дневно.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА

Целта е организирано, систематско, брзо и непосредно одведување на отпадните води од домакинствата и правните лица во општината и нивно пречистување во Одделение за Пречистителната станица (ОПС), до степен на квалитетет на вода од II категорија, која е дозволена за испуштање во реципиент.

Таквото одведување и пречистување на урбани отпадни води обезбедува санитарна заштита на населението и животната средина.

Предвидени количини на отпадна вода кои ќе бидат прифатени од фекалната канализациона мрежа и преку колекторскиот систем транспортирани од општината до пречистителната станица (ПСОВ), за да се изврши нивно пречистување, за 2024 година ќе изнесуваат околу 6.500.000 м^3.

Процесот на пречистување на отпадните води накратко ги опфаќа следниве процеси:

- Механички третман кој се врши во крупната и ситната решетка, при што отпадните води се пречистуваат од крупнен и ситен механички отпад;
- Примарно таложење при што се отстрануваат органските и неорганските материи од водата;
- Биолошки третман во аерационите био-базени;
- Таложење на активна мил во секундарните базени.

Анализата на отпадните води на влез и на излез се врши во хемиско-физичката лабораторија во Пречистителната станица. Анализата на параметрите кои се контролираат на процесните апарати се врши дваесет и четири часа на ден, а останатите анализи се вршат два-три пати неделно.

Дополнителни анализи на отпадна вода на излез од ОПС од страна на акредитирана лабораторија, со цел потврда на изленитe параметри добиени во лабораторија на ОПС.

Резултат на горе-наведените процеси е вода со степен на чистота на вода од втора категорија, што во пракса значи добивање на "чиста" вода која може да се употребува за базени, за чување на риби, за итн.

Основната придобивка на ваквиот систем за одведување и пречистување на отпадните води е обезбедување на санитарно-хигиенски услови за живот и работа на населението и создавање и зачувување на чиста и здрава животна средина, а особено подобрување на квалитетот на површинските и подземните води во градот и пошироко, со што се сочувуваат квалитетите и употребливите водени ресурси. Со една реченица, подобрување и унапредување на животната средина.

Предвидени активности:

Користење на произведениот био-гас како погонско гориво, во случај да се врати во функција гасна линија на ОПС.

- Производство на приближно 6.000 м^3 мил, кој претставува нус продукт од процесот на пречистување, што подразбира предходно да се извршат сите потребни анализи, за да може милта да добие третман на ѓубриво во земјоделството и шумарството;
- Вкупно испуштена количина ќе изнесува околу 5.700.000 м^3.
- Предвидена количина за влез во дигестор на третиран активен мил е околу 28.500 м^3.

Предвиден број на анализи на влезна и излезна вода:

	влез	излез
pH	240	240
T^{0}C	240	240
HPK	122	122
BPK_5	100	100
NH_4^+	120	120
N-tot.	120	120
P-tot.	122	122
NO_3^-		123
NO_2^{2-}		123
SS	240	
TSS	36	36

Предвиден број на анализи за:

CO_2 240

Волумен на мил 120

Концентрација на мил 120

pH 240

Примарна мил 120

Вишок на мил 100

Згусната мил 100

Мил во дигестор 90

Сува стабилизирана мил.....90

Согласно со планот за одржување и на ОПС за 2024 година планирани се следниве активности:

- Секојдневна контрола на процесот во претходно определени контролни точки.
- Секојдневно внесување на секундарен мил во дигесторот,
- Секојдневно обезводнување т.е. пресување на ферментирана мил и добивање на ѓубриво,
- Анализи од акредитирана лабораторија за параметри на излезна пречистена вода - 4
- Враќање во функција на дел од електроника, автоматика и СКАДА софтвер,
- Проверка и сервис на високо и ниско напонска страна во ОПС и Препумпна станица,
- Одржување и сервис на пумпи и електро мотори, како милни така и водни пумпи согласно со тендер за сервисирање на опрема на станицата.
- Набавка или сервис на две ситни решетки за остранување на механички отпад,
- Чистење на песколовсци и примарен таложник од песок и текстилен отпад,
- Сервис на потопна пумпа за техничка вода,

- Сервисирање на потопни hidrostal пумпи за дистрибуција на отпадна вода,
- Сервисирање на едновретени seepex милни пумпи,
- Сервисирање на површински аератори,
- Изработка и инсталација на кранска конструкција за манипулација со главни доводни пумпи на пумпна станица и рециркулациони пумпи на ОПС,
- Сервис / набавка на уреди за автоматско земање на примероци на влез и излез,
- Набавка на лесно возило за потреби на ОПС,
- Набавка на рачен вилушкар за мунипулација со пумпи и хемикалии во кругот на станицата,
- Набавка на потребни хемикалии за лабораториски анализи и третирање на мил,
- Замена на масла и масти во самата опрема, воедно и нејзино подмачкување според годишниот план.
- Санирање на настанати мали дефекти од дотрајаност на опремата,
- Набавка и замена на дотрајани електро и електронски делови и потрошен електро материјал неопходен за непречена функција на ОПС,
- Набавка на нова опрема која не е во можност да се сервисира,
- Набавка на нова и замена на дотрајана опрема за лабораториски потреби,

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ

Одделението за одржување на водоводна мрежа и приклучоци во 2024 година ќе биде насочено кон квалитетно одржување на постојниот водоводен систем во градот и приградските населби, се планира да се превземат следните активности:

- Константна контрола на водоводна мрежа во Куманово и приградските населби со должина околу 280км.
- Отстранување (поправка) на околу 2.220 дефекти на водоводна мрежа од сите профили (од Ф20-Ф508) и сите материјали (азбест-цементни, полиетиленски, ПВЦ, полипропиленски, поцинкувани, челични водоводни цевки и др.) кои се застапени во водоводниот систем.
- Редовно одржување на водоводните шахти во функционална состојба: чистење на шахти од наноси на земја (песок), замена на дотрајани пењалици, преглед на постоечки фасонски делови и по потреба нивна поправка или замена.
- Замена на повеќе од 2.500 метри дотрајани водоводни цевки.
- Реконструкција на околу 300 водоводни приклучоци од дотрајани поцинкувани водоводни цевки.
- Изместување на околу 100 водомерни шахти, каде што водомерите се поставени во објекти или на непрописна далечина од улицата.
- Константно мерење на притисок во водоводната мрежа, со цел одржување на притисок во граници на нормалата и по потреба корекција преку постоечките регулатори на притисок, нивна замена, како и поставување на нови регулатори на притисок каде ќе се согледа потреба.
- Во втора половина на месец март во зависност од временските услови, ќе се пуштат во употреба сите јавни чешми, украсни фонтани и фонтани за вода за пиење.

- Во месец ноември во зависност од временските услови ќе бидат затворени сите јавни чешми, украсни фонтани и фонтани за вода за пиење.
- Следење на состојбата на фонтаните за вода за пиење и украсните фонтани, нивна поправка и чистење.
- Вградување на нови елементи на водоводната мрежа кои со тек на редовно одржување на истата се покажало дека се неопходни и тоа: воздушни вентили, линиски и секторски затворачи, ударогасители, испусти, регулатори на притисок и слично.
- Согласно расположивите ресурси Одделението ќе постапи по разни барања од правни и физички лица, кои бараат изведба на работи од делокруг на работењето на Одделението, но не се обврска на Ј.П. Водовод Куманово. Врз основа на споменатите барања ќе биде изготвено техничко решение, со предмер и пресметка и истото ќе биде фактурирано.
- Со цел откривање на дефекти на водоводна мрежа, кај кои водата не излегува на површина, туку се вклучува во канализациониот систем, Одделението за одржување на водоводна мрежа и приклучоци во 2024 година планира да изведе визуелна контрола на атмосферска и фекална канализациона мрежа преку преглед на ревизиони шахти во вечерните часови кога потрошувачката на вода е најмала.
- Изработка на околу 250 приклучоци на водоводна мрежа за индивидуални, станбени, станбено-деловни, производствени и друг вид на објекти за физички и правни лица.
- Евидентирање на околу 300 корисници во станбени и станбено-деловни објекти.
- Со помош на опрема за откривање на затрпани (заасфалтирани) феромагнетни капаци за шахти, капи за затворачи и хидранти, како и опрема за откривање на подземни кабли и метални цевки, одделението за одржување на водоводна мрежа и приклучоци во 2024 година ќе продолжи со акцијата за откривање на метални капаци за шахти и капи за вентили и хидранти, кои во претходниот период беа затрпани (заасфалтирани), при што немавме пристап до голем дел на елементи на водоводната и канализациона мрежа, што претставуваше голем проблем при одржување и управување на постоечкиот водоводен и канализационен систем.
- Во тек на 2024 година ќе се продолжи со изведба на мерни водоводни шахти за монтирање на мерна опрема за мерење на проток и притисок во претходно одредени изолирани зони, во зависност од добиените резултати ќе се превземат соодветни мерки и методи за откривање на дефекти на водоводна мрежа кои не се видливи (водата не излегува на површина на терен), со цел намалување на загуби на вода.
- Во тек на 2024год. ќе се превземат оперативно-технички мерки, за редефинирање на постоечките притисочни зони во водоснабдителниот систем што го одржува Ј.П. Водовод Куманово, како и изготвување на хидрауличен модел на водоснабдителниот систем на Куманово со што би се оптимизирале водните ресурси, при што граѓаните и стопанските субјекти би добиле поквалитетно и побалансирано водоснабдување.
- Како во 2023 година така и во 2024 година Одделението за одржување на водоводна мрежа и приклучоци ќе ја следи и стручно и логистички ќе им асистира на градежните претпријатија кои сходно на програмата за уредување на градежно земјиште на град Куманово и тендерските постапки објавени од Општина Куманово, ќе бидат изберени за изведба на реконструкција на постоечки и изведба на нови водоводни и канализациони мрежи во Куманово.

Со цел запознавање со нови материјали, техники и технологии при изведба на водоводна и канализациона мрежа и санирање на дефекти на истите, се планира одржување на обуки во рамки на претпријатието и посетување на обуки организирани од страна на други субјекти (АДКОМ, производители на опрема и материјали од домен на нашиот делокруг на работа и слично).

Во 2024 година се планира набавка на нови алати и опрема со што би се зголемила ефикасноста при вршење на секојдневни активности на оделението за одржување на водоводна мрежа и приклучоци.

Во 2024 година се планира изготвување на техничка документација за воспоставување на катодна заштита на челични водоводни водови каде не е воспоставена (челичен доводен водоводен вод од Водоснабдителен систем "Бедиње" до Фабрика за вода, како и челичниот доводен вод од с. Липково до Фабрика за вода) и техничка документација за возобновување на катодна заштита на доводните водоводни водови за висока и средна водоводна зона, каде поради истрошеноста на анодните лежишта истата не е во функцијаи и не не ги штити водовите од електро-хемиска корозија.

ЈП Водовод Куманово во 2024 година ќе изведува и други активности кои ќе бидат во функција на одржување, реконструкција и продолжување на водоводниот систем на град Куманово, а во согласност со новонастанати потреби, претходни анализи и Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2024 година.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАНАЛИЗАЦИОНИ ОБЈЕКТИ, ИНСТАЛАЦИИ, УЛИЦИ И ПАТИШТА

Планирани активности во доменот на изградба и реконструкција на водоводните и канализационите објекти, изработка и реконструкција на канализациони приклучоци како и во областа на нискоградба за 2024 година се следните:

1. Санирање на јавно-прометни површини низ градот оштетени при настанат дефект на водоводна, каналска и приклучна инсталација или како последица од неправилно функционирање на истата. Санирањето на коловозни и тротоарски асфалтни површини ќе се врши по стандарна постапка, при што доколку асфалтирањето се врши подоцна (поради групирање на ударни дупки или неможност од набавка на асфалт од разни причини) како времена коловозна покривка ќе се користи ситна камена коцка, додека враќањето во првобитна состојба на коловозите, тротоарите и останатите јавни површини изработени од бетон, бехатон и ситна камена коцка ќе се врши веднаш по отстранување на дефектот, Се проценува дека за оваа намена ќе бидат потребни околу 8.000.000,00 денари, кои ќе треба да ги обезбеди ЈП Водовод Куманово.
2. Отпушување на запушени атмосферски и фекални канализации , отпушување со цистерна под притисок и челични сајли, на каналски цевки од фекалниот и атмосферскиот канализационен систем поради запушување и попреченост за нормално функционирање. Редовно чистење на шахти, сливници, сливни решетки и останати објекти на атмосфеска и фекална канализација - рачно и со цистерна под притисок. Санација или замена на руинирани и оштетени елементи на водоводна инсталација и фекална и атмосферска каналска инсталација: каналски цевки, шахти, сливни канали и сливни решетки, сливници (комплет) и останати пропратни објекти, со обезбедување на нивна континуирана функционалност. Се проценува дека за оваа намена ќе бидат потребни околу 8.500.000,00 денари, кои ќе треба да ги обезбеди ЈП Водовод Куманово.
3. Санација, уредување, пренамена и одржување на сите административни и оперативни објекти на ЈП Водовод Куманово. Се проценува дека за оваа намена ќе бидат потребни околу 2.500.000,00 денари, кои ќе треба да ги обезбеди ЈП Водовод Куманово.
4. Чистење на запушена приклучна фекална канализација со цистерна под притисок и исцрпување на септички јами со цистерна на усис за правни и физички лица кои имаат поднесено молба до ЈП Водовод за таа потреба. Се проценува дека за оваа намена ќе бидат наплатени околу 3.500.000,00 денари, средства кои ќе ги уплаќаат подносителите на молбите.
5. Изградба на атмосферска и фекална канализација што би ја изведувало ЈП Водовод Куманово, а е предвидена со Програмата за развој на Општина Куманово за 2024

година. Се проценува дека би можело да биде изведена работа по основ на добиен тендер во висина од 3.000.000,00 денари.

Изведба на други градежни објекти од нискоградба, приклучна канализација и слично за кои јавното претпријатие ќе склучи договор. Се проценува дека за оваа намена ќе бидат наплатени околу 4.000.000,00 денари, средства кои ќе ги уплаќаат договорните органи.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА И ВОЗЕН ПАРК

Одделението за градежна механизација и возен парк во склоп на Сектор за технички работи во 2024 година своите активности ќе ги насочи во правец на вршење на услуга претежно на Одделението за одржување на водоводна мрежа и приклучоци како и во Одделението за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта.

Градежните машини ќе бидат користени за ископ на ровови на водоводна и канализациона мрежа, за утовар на земја, песок и други градежни материјали, како и превоз со товарни возила на гореспоменатите материјали.

Планираните активности во 2024 година ќе бидат насочени и за одржување на возила и градежни машини.

Во 2024 година се очекува да биде набавена и ставена во функција цистерна за чистење на канализациона мрежа под притисок преку проектот за меѓугранична соработка „Зајакнување на прекуграничните односи меѓу Република Северна Македонија и Република Србија со заедничка цел за подобрување на животната средина", проект кој започна во 2023 година, а ќе заврши во 2024 година.

За обавување на основната функција потребно е ЈП Водовод да набави товарни возни единици за превоз на работници и градежен материјал спрема можностите на претпријатието како и лесни возила бидејќи лесните возила што ги поседува ЈП Водовод се со повеќе години старост и со тоа трошоците за одржување се поголеми.

За поефикасно одржување на возниот парк потребно е да има вработен автоелектричар бидејќи заради застареност на возниот парк има чести дефекти на возилата од автоелектрика.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ГИС И ПРОЕКТИРАЊЕ

Активностите на Одделение за Урбанистичко планирање,ГИС и Проектирање е тесно поврзана со барање на органите од локалната самоуправа, како и потребите на граѓаните. Согледувајќи го искуството од претходните години, Службата во текот на 2024 година врз основа на барања на физички и правни лица планира да ги изврши следните задачи:

- околу 30 технички решенија (проекти) за изведба или реконструкција на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација и улици за Општина Куманово и за потреби на ЈП Водовод – Куманово;
- околу 50 технички решенија со предмер и пресметка за изведба на приклучок на водоводна мрежа за физички и правни лица;
- околу 30 технички решенија со предмер и пресметка за изведба на приклучок на фекална мрежа за физички и правни лица;
- околу 15 технички решенија со предмер и пресметка за изведба на приклучок на атмосферска мрежа за физички и правни лица;
- околу 15 технички решенија со предмер и пресметка за изведба на дислокација на водоводна, фекална и атмосферска мрежа за физички и правни лица;
- 200 согласности за правни и физички лица;

- 100 мислења;
- 15 хидротехнички услови за правни и физички лица;
- 250 уцртувања на наши инсталации за правни и физички лица;
- 50 документи со податоци за мометална состојба на инфрастуктурни инсталации;
- 50 согласности за движење на моторни возила;
- 200 увиди во проекти по електронска пошта;
- 10 документација за Јавни презентации
- Коплетно одржување на компјутерска опрема во препријатието;
- Коплетно одржување и наградба на компјутерска опрема во препријатието;
- Коплетно одржување и наградба на софтерските пакети во препријатието;
- Надградба на комјутерска мрежа во препријатието;
- Обнова на компјутерски систем (компјутери).

За сите поднесени барања за изготвување на технички решенија (проекти), изготвување на технички решенија за изведба на приклучоци, дислокација и останати новостанати проблеми за нормално функционирање на водоводна, фекална и атмосферска мрежа ќе бидат извршени геодетски снимања и обработка на податоците од истите;
Покрај овие работи, Одделение за урбанистичко планирање, ГИС и проектирање ќе извршува и надзор на новоизградена водоводна, фекална и атмосферска канализација која се изведува во градот.

Во текот на 2024 година како и предходните години нашата служба ќе ги опслужува Одделение за одржување на водоводна мрежа и приклучоци како и Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта со следните работи:

- Обележување на траса за изведба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација;
- Осигурување на траса за водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација;
- Снимање на изградената водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација;
- Снимање на дефекти кои се санираат на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација и нивно вцртување на ситуација со постоечки инсталации;
- Снимање на постоечка и новоизградена водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација и внесување на снимените податоци во ситуација со постоечки инсталации за изготвување на база за подземен катастар со кој ќе овозможиме полесно и поефикасно анализирање и одржување на старата и новоизградената мрежа, како и отстранување на дефекти на мрежата во градот и приградските населби.

СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси при ЈП Водовод Куманово, се состои од одделение за општи, правни работи и човечки ресурси и одделение за застапување (спорови со физички и правни лица).

Одделени за општи, правни работи и човечки ресурси, се планира да се води матична евиденција на вработените и да се евидентира секоја промена од работен однос во согласност со Законот за работни односи, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за јавните претпријатија, како и да се применува

Правилникот за внатрешна организација во ЈП Водовод Куманово и Правилник за систематизација на работни места во ЈП Водовод Куманово, да се изготват решенија, потврди и други документи во врска со работата и по барање на вработени, да се распише интерен и јавен оглас за административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички персонал подготовка на седниците на Управен и Надзорен одбор и др.

Во рамките на одделението, за обезбедување и одржување на објекти ќе се врши навремено и ефикасно распоредување на лицата за обезбедување и контрола на нивната работа.

Ќе се врши контрола и евиденција на средствата за ПП заштита и другите средства и редовно ќе се превземаат превентивни мерки, сервисирање итн, како и ќе бидат преземени мерки во врска со безбедност и здравјето на луѓето при работа (обуки, прегледи, обезбедување на опрема и др.).

Одделение за застапување (спорови со физички и правни лица) во 2024 година пред се планира продолжување на започнатите активности од претходната година, меѓу кои како најзначајни се издвојуваат започнатите постапки пред надлежните нотари и извршители од подрачјето на Основниот суд на општина Куманово, Кратово и Крива Паланка за наплата на парични побарувања по основ на неплатени сметки/ фактури за услуги на претпријатието од физички и правни лица, како и на започнатите постапки пред надлежните судови по разни основи (граѓански спорови, спорови за надомест на штета и др.), кои ги има поведено самото претпријатие или се поведени против него.

Понатаму, одделението ќе покрене нови постапки пред надлежните извршители и нотари за наплата на парични побарувања за неплатени сметки/фактури од физички и правни лица од 2024 година, согласно со Закон за извршување („Сл.весник на РМ" бр.72/16 од 12.04.2016 година) и Закон за нотаријат („Сл.весник на РМ" бр.72/16 од 12.04.2016 година), за што е потребно да се обезбедат финансиски средства трошоци кои ќе произлезат од овие закони. Исто така се планира поведување на постапки кон лицата кои имаат склучено спогодби со ЈП Водовод Куманово, но не се придржуваат кон истите, како и преземање на мерки преку комуналниот инспектор како и покренување на пријави за лицата кои бесправно користат вода.

Од останатиот дел на работењето на одделението го истакнуваме учеството во комисиите за јавни набавки, изготвување на договори, како и тоа што преку архивата ќе изврши попис на архивската граѓа за 2023 година, ќе се спроведува редовно и навремено архивирање на сите видови акти, пратки и приемници со навремено упатување и доставување до одговорните. Исто така ќе се водат уписници УП1 И УПП.

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Секторот за финансии, сметководство и комерција во текот на 2024 година покрај тековните активности кои секојдневно ги извршува, ќе продолжи со спроведување на започнатите и превземенети мерки и активности од претходниот период за подобрување и зголемување на наплатата, ажурирање на податоците за потрошувачите и тоа преку следните одделенија во својот состав:

- Одделение за сметководство и финансова оперативa
- Одделение за наплата (следење на наплата)

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСОВА ОПЕРАТИВА

Дејност на одделението и оперативни активности:

- Прием на влезни и извршено е фактурирање излезни фактури за извршени услуги, проверка на нивна документираност, ликвидирање и нивно соодветно книжење во деловните книги на претпријатието и аналитички по комитенти.
- Навремено евидентирање на приливи и одливи според извештаите – изводите од кореспондентните банки.
- Навремено евидентирање на касовите извештаи од благајните.
- Навремено книжење на извештаи од други одделенија во поглед на пресметка на платите и трошоците на работници и соодветните даноци за нив.
- Навремена пресметка на данок на додадена вредност од аспект на навременоста и дисциплина во евиденцијата на сметководствените документи (влезни фактури и излезни фактури).
- Навремено подготвување на извештаи до соодветни служби за статистика утврдени како обрска со Закон.
- Подготовка на документи за плаќање.
- Месечна проверка на состојбите по комитенти и соодветно на ова превземање на постапки за регулирање на побарувања и обврски со комитентите по пат на компензации, неопходни слагања со комитентите со цел затворање на меѓусебните побарувања и обврски.
- Поднесување на предлози за тужење до сектор за општи, правни работи и човечки ресурси.
- Квартална контрола и проверка на веродостојноста на искажаните документи.
- Изготвување на тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење, со детален преглед на направените трошоци и остварените приходи во тоа тромесечие и доставување на истите до Одбор за контрола на метријално и финансиско работење и до Управниот Одбор на претпријатието, како и до основачот, Совет на општина.
- Редовно следење на одливот на средства по разни основи спрема добавувачите, врз основа на склучени договори согласно Законот за јавни набавки и негово навремено евидентирање во деловните книги на претпријатието.
- Учество во подготовката на извештаи за потребите на директорот, основачот, управниот одбор, ресорните министерства, банки и странски донатори.
- Учество во изготвување на Програма за работа.
- Изготвување на завршна сметка/ финансиски извештаи и годишен извештај за работење на претпријатието.

Финансиски предвидувања:

Вкупниот приход во 2024 год. се планира да изнесува 304.024.913,00 ден. од кои најголем приход е од вода за пиење во износ од 157.671.601,00 ден. Од одведувањето на отпадни води се планира да се оствари приход од 26.931.542,00 ден. Приход по основ на пречистување на отпадни води за правни лица и домаќинства вкупно да изнесува 63.687.048,00 ден. Приходот од вода, одведување и пречистување на отпадни води во структурата на вкупниот приход на претпријатието ќе учествува со 81,6%.

Трошоците на работењето за 2024 год. се планирани врз основа на физичкиот обем на производство и услугите, цените на главните материјали, енергенсите и планираните инвестиции и одржувања и истите е планирано да изнесуваат 303.720.000,00 ден.

Материјалните трошоци на работењето во 2024 год. се планира да изнесуваат 77.220.000,00 ден. Трошоците за сировини и материјали се планира да изнесуваат 9.500.000,00 ден. За обезбедување на сирова вода од АД Водостопанство на РМ подружница "Кумановско Липковско Поле" Куманово се предвидува трошоците да изнесуваат 29.520.000,00 ден. Планираните трошоци за електрична енергија ќе изнесуваат 28.000.000,00 ден., а трошоците за гориво и друг вид на енергија се планира да бидат во износ од 3.000.000,00 ден. Трошоци за резервни делови и отпис на ситен инвентар се планира да изнесува 700.000,00 ден. Трошоци за услуги од други се однесуваат на анализа на вода, на тековно одржување, поправка на опрема и возила, пумпи, мотори, електромотори, технички прегледи и др. услуги кои ги вршат други претпријатија се планира да изнесуваат 6.500.000,00 ден. Амортизацијата во 2024 год. се планира да изнесува 46.500.000,00 ден.

Нематеријалните трошоци се планирани да изнесуваат 29 500.000,00 ден.

За 2024 год. планирано е да се обезбеди бруто плата и други лични примања во износ од 150.000.000,00 ден., предвидувањето е направено согласно Закон за исплата на плати во РМ.

За исплата на камати се предвидува износ од 500.000,00 ден.

Со вака планирани вкупни приходи и планираните вкупни расходи во работењето за 2024 год. ќе се оствари добивка во износ од 304.913,00 ден.

Подетални прегледи на приходите и трошоците по видови и места искажани се во Табелата бр. 1

Табела бр. 1

П Р Е Г Л Е Д

На планирани и остварени финансиски резултати за 2023/2024 год.

Елементи	План за 2023	Остварено 2023	План за 2024	Индекс 4 : 3
1	2	3	4	5
А - Вкупни приходи	**231.006.444**	**244.817.412**	**304.024.913**	**124**
1) Приходи од вода	**124.695.486**	**121.285.847**	**157.671.601**	**130**
- правни лица	22.904.148	23.768.360	30.898.868	**130**
- домаќинства	101.791.338	97.517.487	126.772.733	**130**
2) Приходи од одведување на отпадни води	**20.304.593**	**20.716.571**	**26.931.542**	**130**
- правни лица	4.216.011	4.488.041	5.834.453	**130**
- домаќинства	16.088.582	16.228.530	21.097.089	**130**
3) Приходи од пречистување на отпадни води	**47.119.775**	**48.991.037**	**63.687.048**	**130**
- правни лица	8.080.918	9.016.175	11.719.727	**130**
- домаќинства	39.038.857	39.974.862	51.967.321	**130**
4) Приходи од услуги	7.209.044	13.663.429	9.957.312	**73**
5) Приходи врз основа на камата	3.200.597	5.928.033	7.410.041	**125**
6) Останати приходи	28.476.949	34.232.495	38.367.369	**112**
Б - Вкупни расходи	**267.500.000**	**260.211.214**	**303.720.000**	**117**

1. Материјални трошоци и амортизација	**144.900.000**	**108.934.279**	**123.720.000**	**114**
Потрошени сировини и материјали	9.800.000	8.676.426	9.500.000	**109**
Потрошена сирова вода	21.000.000	20.527.127	29.520.000	**144**
Потрошена електрична енергија	60.000.000	24.438.533	28.000.000	**115**
Потрошено гориво и друг вид на енерг.	3.000.000	2.846.245	3.000.000	**105**
Потрошени резервни делови	700.000	413.003	500.000	**121**
Отпис на ситен инвентар	200.000	287.015	200.000	**70**
Трошоци за услуги	5.200.000	5.952.644	6.500.000	**109**
Амортизација	45.000.000	45.793.286	46.500.000	**102**
2. Нематеријални трошоци	**23.100.000**	**26.742.724**	**29.500.000**	**110**
Останати трошоци за вработени	14.500.000	11.278.688	14.000.000	**124**
Трошоци за репрезент, спонзорство и реклама	180.000	188.852	200.000	**106**
Трошоци за осигурување	750.000	928.396	950.000	**102**
Даноци кои не зависат од резултат, членарини	220.000	286.669	250.000	**87**
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	950.000	1.073.296	1.100.000	**102**
Останати трошоци од работење	6.500.000	12.986.823	13.000.000	**100**
3. Бруто личен доход	**99.000.000**	**124.518.149**	**150.000.000**	**120**
4. Договорени камати од кредитен однос и казнени камати	**500.000**	**16.062**	**500.000**	**3113**
В. - (А-Б; А>Б) – Добивка			**304.913**	
Г. - (А-Б; А<Б) - Загуба	**36.493.556**	**15.393.802**		

П Р Е Г Л Е Д
на планиран и остварен физички обем на производство и услуги за 2023 година

Ред. бр.	Вид на производ	Ед. мера	План за 2023	Остварено 2023	План за 2024	Индекс 6 : 5
1	2	3	4	5	6	7
1.	Произведено вода за пиење	$м^3$	8.500.000	7.493.989	8.500.000	113
2.	Продадена вода за пиење	"	**3.800.000**	**3.540.234**	**3.800.000**	107
	а) Правни лица	"	700.000	605.963	700.000	116
	б) Домаќинства	"	3.100.000	2.934.271	3.100.000	106
3.	Загуба на вода	"	-55,29	-52,76	-55,29	
4.	Поправка и баждарење на водомери	бр.	1.300	530	700	132
5.	Приклучоци на водоводна мрежа	**бр.**	**420**	**290**	**550**	190
	а) Правни лица	бр.	50	40	50	125
	б) Домаќинства	бр.	370	250	500	200

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАПЛАТА (СЛЕДЕЊЕ НА НАПЛАТА)

Дејност на одделението и оперативни активности :

Во делокругот на своето работење одделението за наплата ги врши следните работи:

- Редовно читање на водомерите и фактурирање на потрошена вода на физички и правни лица.
- Во тек е надградба за системот за наплата (Billing) со воведување на неколку нови функционалности, како на пример можност за испраќање на сметки по електронски пат, поефикасно пратење на неплатени сметки и корисници кандидати за тужење, генерирање на извештаи за наплата по потреба на оператори, поефикасно генерирање на сметки (обработка на податоци) и сл. Истотака, планирана е надградба и на системот за електронска наплата, што ќе придонесе до поголема сигурност при извршувањето на трансакции, и елиминирање на можност за грешки од страна на корисниците.
- Со имплементација на нова верзија на мобилна софтверска апликација за читање на водомери и нејзино интегрирање со билинг самиот процес на читање, обработка и следење на добиените вредности од читање на водомери е поквалитетен и поефикасен.
- Доставување на известувања до корисници кај кои се поставени куќни и ултрасонични водомери за далечинско отчитување кои имаат непрекинат проток на вода повеќе од 48 часа
- Наплата на сметки за потрошена вода преку наплатни центри, пошта, банки и ПОС терминали .
- Електронска наплата на сметки за потрошена вода.
- Информирање до надлежните одделенија за неопходност од промена на неисправен водомер и барање на калибрација како континуирана постапка за замена на водомери и водење ажурна евиденција за замена на водомери
- Евидентирање на новоприклучени водомери.
- Пријава и одјава на потрошувачи.
- Промена на категорија на корисник од физичкона правно лице или обратно.
- Информирање за нелегални приклучоци и барање на нивно соодветно регулирање. Во овој сегмент е планирано во согласност со Законот за општа управна постапка, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води и Законот за комунални дејности, Одделение за наплата да продолжи со изготвување на Решенија за прекинување на снабдување со вода поради бесправно приклучување на водоводна и канализациона мрежа и поради не исполнување на обврската за плаќање на надоместокот за вода за пиење. Исто така во овој дел е планирано продолжување на активноста околу организирање на акции за решавање на нелегални приклучоци, а во рамки на истата активност ќе се продолжи со спроведување на акции на контролно читање на водомери. Преку реализација на овие активности планирано е да се продолжи со намалување на неконтролираната потрошувачка на вода која доведува до зголемување на загубите на вода.
- Изготвување месечни извештаи за фактуриран физички обем, фактуриран приход, проценти на наплата.
- Изготвување годишни извештаи за наплата на побарувањата.
- Подготовка на списоци и изготвување на предлог за тужење на правни лица за период од 3 месеци.
- Изготвување на извештај за месечна работа на вработени во "call centar".
- Изготвување и потпишување на кориснички договори со потрошувачи за снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води согласно законските прописи.

СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Секторот за јавни набавки својот план за работа го темели на Планот за јавни набавки за 2024 година и Инвестициона програма за 2024 година и истата е во тесна поврзаност со наведените документи и зависи од обемот и предвидента динамика на годишните потреби за јавни набавки.

Секторот за јавни набавки ќе ги извршува своите работни задачи согласно Планот за јавни набавки и тоа:

- По добовање на Барање за започнување на постапка за јавна набавка со техничка спецификација, опис, количини, шифри, предлог за бодирање како и критериуми што економскиот оператор треба да ги исполни) од раководителот на сектор или лица одредени од раководителот на сектор, во Секторот за јавни набавки се изготвува предлог тендерска документација за реализирање на јавните набавки во согласност со Законот за јавни набавки.
- Сите лица што се вработени во овој сектор во кој се вршат работите од областа на јавните набавки задолжително се обучени за вршење на работите од областа на јавните набавки согласно Законот за јавни набавки и поседуваат соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

- Лицето вработено во секторот за јавни набавки за спроведување на постапките за јавни набавки ќе ги врши следните работи согласно член 80 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/2019), :

- Учествува во подготовка и го изготвува планот за јавни набавки,
- Ја изготвува одлуката за јавна набавка,
- Може да врши набавки од мала вредност,
- Учествува во изработка на тендерска документација, во согласност со доставеното барање за започнување на постапка од сектор барател на набавката,
- Го објавува огласот за јавна набавка,
- Ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување на договорот за јавна набавка,
- Задолжително учествува како член во комисијатата кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 Евра во денарска противредност за стоки и услуги и над 5.000.000 Евра во денарска противвредност за работи,
- Ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведената постапка,
- Ги ажурира податоците кои согласно со Законот за јавни набавки се доставуваат во ЕСЈН
- Објавува негативна референца на ЕСЈН согласно условите на ЗЈН,
- Дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбена постапка во соработка со комисијата за јавна набавка.
- Се грижи за досиејата од спроведени постапки согласно со прописите за канцелариско и архивско работење,
- Ги објавува склучените договори за јавни набавки на ЕСЈН
- Врши други работи согласно законот за јавни набавки

По завршување на целата постапка за јавни набавки ги изготвува договорите за јавна набавка и по нивно потпишување ги доставува до Секторот за Финансии, сметководство и комерција, одделение за наплата (следење на наплата) кои ќе ги реализираат набавките.

- Секторот за јавни набавки ја изготвува целокупната документација (со исклучока на техничкте спецификации кои ги изготвува заедно со техничките лица од секторот барател за јавната набавка) за реализирање на јавните набавки во согласност со Законот за јавни набавки во Договор со Директорот на Претпријатието, комисите за јавни набавки и раководителот на секторот за јавни набавки .
- Секторот за јавни набавки во зависност од потребите, а во договор со Директорот и раководителот на секторот ќе врши одредени консултации и барање на мислења

од Бирото за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки и врши други работи согласно овој закон.

- Лицето вработено во овој секторот за јавни набавки е должно во своето работење да постапува согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПЕРАТИВЕН КОНТРОЛЕН ЦЕНТАР

Во Одделение за оперативен контролен центар за 2024 година се планира да се превземат следните активности:

- Промена на водомери 900 ком.
- Поправки по барање на странки

  Поправка на холендери 800 ком.

  Поправка и промена на вентили 1.000 ком.

- Носење на сметки во сите реон – 250.000 сметки
- Носење на опомени за долг на 13 реони – 100.000
- Контролни читања на 15 000 водомери
- Монтажа на нови електронски водомери и поправка на постојни 100 ком.
- Реактивирање,читање и сервисирање на електронски водомери 500 ком.

ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ

Во делот на инвестиции и одржување се предвидуваат следните активности:

1. Набавка на лесни и товарни возила
   Вредност: 32.500 €
2. Набавка на градежна машина - ровокопач натоварувач
   Вредност: 70.000 €
3. Надградба на Проект за употреба и одржување на дел од водоснабдителен систем на град Куманово - SCADA SISTEM (тех.бр.КУ-IV-347/15)
   Вредност: 1.000.000 €
4. Надградба на Проект за замена и инсталација на куќни, комбинирани, индустриски и ултразвучни водомери и нивна интеграција во систем за далечинско отчитување во системот за водоснабдување на Општина Куманово (тех.бр.03-122/14)
   Вредност: 1.900.000 €
5. Набавка на мулјна пумпа за исцрпување на вода на сопствен погон влез-излез 2"
   Вредност: 1.300 €
6. Набавка на мулјна пумпа за исцрпување на вода на сопствен погон влез-излез 3"
   Вредност: 1.500 €
7. Набавка на Опрема за видеомониторинг на канализациони инсталации од Ф150 до Ф600 со Push камера или самоодна
   Вредност: 30.000 €
8. Набавка на Професионална опрема за подградување на градежни ровови при изведба или поправка на водоводна или канализациона инсталација со сите елементи за длабочина до 6 м и должина до 20 м (двостепена или тростепена, атестирана)
   Вредност: 13.000 €
9. Набавка на 2 Вибро плочи за набивање на тампон со работна ширина од 45 до 60 см

Вредност: 3.500 €

10. Набавка на Опрема за хоризонтално бушење во земја под коловоз со дијаметар на бушотина до 200 мм
    Вредност: 15.000 €

Раководител на Сектор за технички работи

Дарко Петковски _____

Раководител на Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси

Александар Владевски _____

Раководител на Сектор за јавни набавки

Ика Ѓорѓевиќ _____

ЈП "Водовод" Куманово

Директор

_____

Оливер Стојмановски